ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА
# ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2025 05 07

Скопје, јуни 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Врховен суд на Република Северна Македонија за 2024 година на сметката на основен буџет (603).

Изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2024 година.

Извршена е ревизија за 2019 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (603) во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Врховен суд на Република Северна Македонија, извршена е во февруари 2022 година при што е констатирано е дека од вкупно дадени седум препораки, четири препораки се спроведени, една препорака е делумно спроведена, и две препораки не се спроведени.

Во делот на Нагласување на прашања обелоденети се состојби кои се однесуваат за:

- судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, поради што постои неизвесност за финансиските импликации на буџетот на Врховен суд на Република Северна Македонија во иднина;
- Министерството за правда во месец ноември 2020 година донело обрасци за оценување на судските службеници, но истите не се однесуваат и на судската полиција и на судскиот администратор;
- од месец септември 2023 година во судот нема судски администратор и
- средствата кои се издвојуваат од Буџетот за 2024 година за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент од 0.8% од бруто домашниот производ на Буџетот на Република Северна Македонија, односно одобрените средства во износ од 2.647.694 илјади денари претставуваат 0,3% од БДП.

Во делот на Останати прашања истакнуваме одредени системски слабости кои се однесуваат на отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи.

Од страна на одговорното лице на Врховен суд на Република Северна Македонија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 4. | Нагласување на прашања | 3 |
| 5. | Останати прашања | 7 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 7 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 8 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 8 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 9 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 10 |
| Финансиски извештаи за 2024 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 11 |
| Биланс на состојба | | 12 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 14 |
| Сметководствени политики | | 17 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 18 |

Број: 28-675/5
Дата: 02.06.2026

## 1. Вовед

Судската власт во Северна Република Македонија ја вршат судовите и истите се самостојни и независни државни органи. Целите и функциите на судската власт опфаќаат:

- непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките,
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи,
- обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и
- обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Врховниот суд на Република Северна Македонија претставува уставна категорија чија положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, како највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Врховниот суд ја врши судската власт на целата територија на Републиката и има седиште во Скопје.

Со судот раководи Претседател, избран со Одлука[1] на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Истиот ја организира работата и презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот. Во негово отсуство и спреченост го заменува Заменик на Претседател на Судот.

[1]Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија бр.09-309/1 од 12.02.2021 година

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 15 до 17 на Врховен суд на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет (603), за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Врховен суд на Република Северна Македонија за 2024 година на сметката на основен буџет (603) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Врховен суд на Република Северна Македонија, на ден 31 декември 2024 година, на сметката на основен буџет (603), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Врховен суд на Република Северна Македонија, за 2024 година, на сметката на основен буџет (603), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Во Врховен суд на Република Северна Македонија, во тек се 28 судски постапки. Судот се јавува како тужена страна врз основа на тужби од вработени по основ на надоместоци и права од работен однос во вкупен износ од 4.280 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат при што постои неизвесност за финансиските импликации на Буџетот на Врховен суд во иднина.

4.2. Ревизијата на Информациски систем за автоматско управување со судски предмети (АКМИС) не е предмет на овој ревизорски извештај, од причини што истиот ќе биде предмет на Ревизија на успешност на тема „Ефективност на дигитализацијата во судскиот систем, јавното обвинителство и правобранителството“ предвидена со Годишната програма за работа за 2026 година.

4.3.Врз основа на Законот за управување со движењето на предметите во судовите од страна на претседателот на судот формирано е Работно[2] тело за управување со движењето на предметите во Врховен суд на Република Северна Македонија за 2024 година.

Со Годишниот план, претседателот на Судот донесува мерки за надминување на застојот на движење на предметите и појава на нерешени предмети, анализа на управување со движење на предметите како и внатрешни процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите во Судот.

Ревизијата изготви преглед со број на постапки по години согласно податоците содржани во Годишните извештаи за работа на Врховен суд на Република Северна Македонија. Прегледот за периодот 2021-2024 година е прикажана во следната Табела.

Табела бр.1 Преглед на движењето на предметите во Врховен суд на Република Северна Македонија за периодот 2021–2024 година

| Опис | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| Нерешени предмети од претходна година | 1.064 | 956 | 807 | 709 |
| Новопримени предмети | 1.277 | 5.065 | 4.611 | 4.561 |
| Вкупно предмети во работа | 2.341 | 6.021 | 5.418 | 5.270 |
| Решени предмети | 1.385 | 5.214 | 4.709 | 4.618 |
| Останати нерешени предмети на крај на година | 956 | 807 | 709 | 652 |
| % на решени предмети | 59,16% | 86,59% | 86,91% | 87,62% |

[2] СУ-03 број 30/24 од 15.01.2024 година

Со извршената анализа на бројот на решени предмети ревизијата утврди позитивен тренд на зголемување на бројот на решени предмети во последните години односно во континуитет се намалува бројот на нерешени предмети на крај на годината.

Напоменуваме дека е неопходно пополнување на испразнетите судиски места, кои согласно Одлуката[3] на Судски совет се предвидени 28 места вклучувајќи го и претседателот на судот, а пополнети на крај на 2024 година се 11 судиски места. Ревизијата истакнува дека во месец мај 2025 година зголемен е бројот на судии на 14 вклучувајќи го и претседателот на судот.

4.4. Согласно Законот за судска служба во судовите се воспоставува систем за управување со ефектот на судските службеници и судската полиција, кој се состои од: утврдување на работните цели и задачи, утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување, како и постапката за оценување на ефектот на судските службеници и судската полиција.
Со член 87 и член 124 од Законот за судска служба, предвидено е судските службеници и припадниците на судската полиција задолжително да се оценуваат еднаш годишно, со што би се обезбедило континуирано следење на работењето на судските службеници во текот на целата година и по потреба предлагање на мерки за подобрување.
Со Законот за судска служба предвидено е начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на образецот за оценување, како и формата и содржината на Извештајот од оценувањето да ги пропишува Министерот за правда. Од страна на Министерот за правда овие обрасци се донесени во месец ноември 2020[4], но истите не се однесуваат и на судската полиција. До денот на извршување на ревизијата сеуште не е утврдена формата и содржината на образецот за оценување на судската полиција.
Во ноември 2020 година Министерот за правда има донесено Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас[5] и Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот, начинот на оценување на судскиот службеник, формата и содржината на обрасците за оценување, формата и содржината на извештајот со ранг листа на годишни оценки, како и содржината на извештаите и начинот на оценување на судските службеници

[3] Одлука Бр. 08-1827/1 од 12.11.2019 за измена и дополнување на Одлуката Број 02-2114/1 од 01.12.2015
[4] Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2020
[5] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2020

во други околности[6]. Со оглед на тоа што во Правилникот не е предвидено оценување на категорија А - судски администратор, иако Законот за судска служба го предвидува, оценувањето на судскиот администратор.

4.5. Ревизијата истакнува дека во Врховниот суд од месец септември 2023 година нема назначено лице за судски администратор заради пензионирање на истиот. Исто така од извршениот увид во Годишните планови за вработување утврдивме дека е предвидено вработување на судски администратор но за истото не е добиена согласност од надлежните институции. Имајќи во предвид дека согласно член 61 од Судскиот деловник и Правилникот[7] за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот надлежноста на судскиот администратор е да раководи со судската служба и да ја организира работата на судската служба не пополнувањето на наведеното работно место влијае на организирањето и функционирањето на судот и во вршењето на своите надлежности.

4.6. Во актот за систематизацијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во делот на судската полиција предвидени се 8 работни места, а пополнети се 5 работни места и тоа: командант, командир, заменик командир и 2 лица судски полицајци. Со увид во документацијата утврдивме дека се исплатени часови за прекувремена работа со што е надминат предвидениот максимум од 190 часа годишно по вработен, односно исплатени се 781 часа над предвидениот максимален број на часови за прекувремена работа.

Во 2024 година од страна на Министерството за правда со Допис[8] доставено до Судски буџетски совет побарани се податоци за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст и истиот е доставен до Врховен суд[9].
Командирот на судската полиција информира дека обезбедувањето во судот се врши непрекинато 24 (дваесет и четири) часа, согласно Планот за обезбедување на судот и дека бројната состојба на кадровската екипираност на припадниците на судската полиција во судот е непроменета од 2018 година и истиот е во доволен број и со соодветна подготвеност за да одговори на сите предизвици во извршување на тековните работни задачи.
Судот доставил Известување[10] до Судски буџетски совет дека кадровската екипираност на припадниците на судската е во доволен број за извршување на работните задачи.

---

[6] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2020
[7] 03 СУ број 893/18 од 12.12.2018 година
[8] бр. 08-609/1 од 05.02.2024 година
[9] СУ 03 бр. 486/24-1 од 29.07.2024 година
[10] СУ 03 бр. 486/24 од 12.08.2024

Согласност член 117 став 2 од Законот за работни односи прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени и предизвикува исплата на прекувремени часови над предвидениот годишен максимум од 190 часа.
Со цел подобрување на работењето во делот на обезбедување на Врховен суд ревизијата смета за неопходно преземање на активности за пополнување на работните места на судската полиција предвидени со актот за систематизација.

во 000 денари

| Година | Број на прекувремени работни часови | Исплатен износ за прекувремени работни часови |
|---|---|---|
| 2022 година | 826 | 145 |
| 2023 година | 867 | 172 |
| 2024 година | 781 | 195 |

4.7. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите[11] е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Северна Македонија, означен како „Судска власт“. Постапката за изготвување, утврдување и извршување на судскиот буџет е уредена со одредбите на Законот за судскиот буџет[12]. Со анализа на податоците утврдивме дека износот на одобрени средства за Судска власт за 2024 година изнесуваат 2.647.694 илјади денари што е 63% помал од законски утврдениот лимит и претставува 0,3% од БДП. Исто така, трендот на одобрени средства за судска власт за период 2021 – 2024 година укажува дека нема значајни разлики во износот на барани, одобрени и реализирани средства за судска власт, во одделните години.
И покрај разликите во бараните и одобрените средства за Судска власт, не е изготвен писмен документ за постигната согласност, ниту Извештај за причините за неусогласеноста на бараните и одобрените средства, кој согласно член 15 од Законот за судскиот буџет треба да се достави до Владата и до Судскиот буџетски совет, кој треба да даде мислење по истиот.
Во член 4 од Законот за судскиот буџет е уредено дека во случај на ребаланс на буџетот не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на Судската власт. Со Ребалансот на Буџетот од август 2024 година и со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите од декември 2024 година, извршено е намалување на одобрениот буџет за Судска власт за износ од 42.639 илјади денари.

[11] Службен весник на РМ бр. 58/06, 62/06, 35/08,150/10 и 39/12
[12] Службен весник на РМ бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

Наведената состојба создава ризик од непречено стабилно и долгорочно финансирање на судската власт, обезбедување на уставната и законски предвидената независност и самостојност на истата, како и забавување на планираните реформи во судската власт.

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно член 100 од Законот за судовите и член 2 од Законот за судска служба, судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција. Лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат Законот за вработени во јавниот сектор и општите прописи за работни односи предвидено со членот 3 став 2 од Законот за судска служба. Висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор согласно член 109 од Законот за судовите. Системот на плата и надоместоци на судските службеници е утврден со одредбите на Законот за судска служба. Согласно член 78 од Закон за судска служба пропишано е дека платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите се во рамките на платите утврдени за административно - техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство, без притоа да се уреди начинот на утврдување на платите на оваа категорија вработени лица.
Отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените кои вршат технички и помошни работи во судовите предизвикува разноликост во пресметувањето и висината на платите на оваа категорија вработени.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 09.12.2026 до 30.03.2026 година, кај Врховен суд на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет – (603) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2019 година при што е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Врховен суд на Република Северна Македонија, извршена е во февруари 2022 година при што е констатирано дека од вкупно дадени седум препораки, четири препораки се спроведени, една препорака е делумно спроведена, и две препораки не се спроведени.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Врховен суд на Република Северна Македонија, застапувано од:

- Беса Адеми, претседател[13] на Врховен суд на Република Северна Македонија од 12.02.2021 до 12.03.2025 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во огласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска

[13] Одлука за избор на претседател на Врховен суд на Република Северна Македонија донесена од Судски Совет на Република Северна Македонија бр.09-309/1 од 12.02.2021 година

регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Врховен суд на Република Северна Македонија, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни и соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива Нацрт извештајот беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Врховен суд на Република Северна Македонија, одржан на ден 30.03.2026 година и 03.04.2026 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Врховен суд на Република Северна Македонија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 128.764 | 122.949 |
| **Вкупно приходи** | | **128.764** | **122.949** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 85.104 | 77.046 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 28.313 | 28.534 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 1.826 | 1.589 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **115.243** | **107.169** |
| **Капитални расходи** | **3.3.** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 13.521 | 15.780 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **13.521** | **15.780** |
| **Вкупно расходи** | | **128.764** | **122.949** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 20 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 7.827 | 8.816 |
| Залихи | 4.1.3. | 817 | 731 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.664** | **9.547** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 38.149 | 39.918 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 721.004 | 692.968 |
| **Вкупно постојани средства** | | **759.153** | **732.886** |
| **Вкупна актива** | | **767.817** | **742.433** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 892 | 1.164 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 31 | 262 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 4 | 2 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 6.900 | 7.388 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 20 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.847** | **8.816** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 759.970 | 733.617 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **759.970** | **733.617** |
| **Вкупна пасива** | | **767.817** | **742.433** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА | | | |
| **Активни сметки** | **4.2.3.** | **3.881** | **3.881** |
| **Пасивни сметки** | **4.4.2.** | **3.881** | **3.881** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Состојба 01.01.2024 година | 732.886 | 731 | 733.617 |
| | | | |
| Зголемување по основ на: | 51.915 | 1.904 | 53.819 |
| Набавки | 14.312 | 1.904 | 16.216 |
| Ревалоризација на капитални средства | 37.603 | | 37.603 |
| | | | |
| Намалување по основ на: | 25.648 | 1.818 | 27.466 |
| Отпис на капитални средства | 7.282 | | 7.282 |
| Амортизација | 18.366 | | 18.366 |
| Потрошен материјал | | 1.818 | |
| Состојба 31.12.2024 година | 759.153 | 817 | 759.970 |